ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА — GOVERMENT OF THE REPUBLIC OF MACEDONIA

# ЦЕНТАР ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КРИЗИ

CRISIS MANAGMENT CENTER

## БИЛТЕН НА ЦЕНТАРОТ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КРИЗИ

**МАЈ И ЈУНИ 2017**



## Собранието го продолжи рокот за постоење на кризна состојба до 31 декември 2017 година

**ЦУК, 30.06.2017 - Комисијата за одбрана и безбедност на Собранието на Република Македонија, на денешната 3. седница, како матично работно тело ја разгледа Предлог-одлуката за изменување на Одлуката за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба заради зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Македонија.**

**На седницата присуствуваше претставник од Министерството за одбрана, заменик-министерот Беким Максути; претставник од Министерството за труд и социјална политика, заменик-министерот Елми Азири; претставник од Министерство за надворешни работи, заменик-министерот Арта Точи; претставник од Министерството за здравство, министерот Арбен Таравари и претставник од Центарот за управување со кризи, директорот Агрон Буџаку.**

**Претставникот од Центарот за управување со кризи, директорот Агрон Буџаку, ја образложи потребата од изменување на Одлуката и воедно истакна дека истата се предлага со цел да се обезбеди континуитет во вршењето на активностите од страна на силите на Армијата на Република Македонија и безбедносните сили на Министерството за внатрешни работи, во функција на обезбедување, заштита и чување на државната граница.Во дискусијата по точката од дневниот ред учествуваа членовите на Комисијата: г. Павле Богоевски и г-ѓа Фросина Ташевска-Ременски.**

**Комисијата за одбрана и безбедност ја проследи Предлог-одлуката на натамошна постапка во Собранието на Република Македонија каде Собранието го продолжи рокот за постоење на кризна состојба на јужната и на северната граница заради зголемен обем и транзит на мигранти до 31 декември оваа година.**

## Хуманитарен базар на ракотворби по повод Светскиот ден на бегалците





**На Светскиот ден на бегалците, 20 јуни, во рамки на Проектот на УСАИД за заштита на правата на бегалците и мигрантите, спроведен од Македонско здружение на млади правници во соработка со Отворена Порта - Open Gate: La Strada Macedonia, под мотото СОЗДАДИ НАДЕЖ, се одржа продажен хуманитарен базар на ракотворби кои ги изработиле бегалци.**

**Вкупно 139 лица бегалци и мигранти изработија преку 100 парчиња накит, украси и слики како дел од 15 работилници за арт терапија одржани во транзитните центри Табановце и Винојуг, како и во прифатниот центар Визбегово.**

**Ракотворбите ќе бидат на продажба, а собраните средства ќе се употребат за поддршка на потребите на бегалците и мигрантите во Македонија.**

**На настанот присуствуваше и директорот на Центарот за управување со кризи, м-р Агрон Буџаку.**






## Семинар за високи претставници - Меѓународната миграција и глобалната безбедност, Гармиш

Од 5 до 9 јуни 2017 година, во организација на Европскиот центар за безбедносни студии „Џорџ К. Маршал“, - Гармиш, СР Германија се одржа семинар за високи претставници на тема „Меѓународната миграција и глобалната безбедност“. На овој семинар учествуваше и директорот на Центарот за управување со кризи, м-р Агрон Буџаку.

Семинарот за високи претставници претставува годишна активност со фокус на критични актуелни безбедносни прашања, а прилагоден е за потребите на високи претставници, каде учествуваат министри, амбасадори, пратеници и високи законодавни, воени и владини претставници.

Целта на овој пет дневен настан е изнаоѓање начини за развивање на повеќе ефективни стратегии, со цел одговор на предизвиците на масовната миграција, со зајакнување на професионални мрежи на лидери и креатори на јавното мислење од целиот свет.

Програмата на Маршал Центарот е од особена важност во соработката помеѓу ЦУК и САД, за стекнување на професионален развој и зајакнувањето на капацитетите на Центарот за управување со кризи.

## Директорот на ЦУК м-р Агрон Буџаку на состанок на Управувачкиот комитет на Програмата за проценка на ризици од катастрофи и мапирање (IPA DRAM) во Црна Гора

Директорот на Центарот за управување со кризи м-р Агрон Буџаку и д-р Стевко Стефаноски учествуваат на првиот состанок на Управувачкиот комитет на Програмата за проценка на ризици од катастрофи и мапирање (IPA DRAM) кој се одржува на 12 и 13 јуни во Подгорица - Црна Гора.

IPA DRAM
DISASTER RISK ASSESSMENT AND MAPPING IN THE WESTERN BALKANS AND TURKEY

Состанокот е организиран со поддршка на Министерството за внатрешни работи на Црна Гора и е прва можност да се соберат националните координатори за IPA DRAM со седиште во земјите партнери, членовите на конзорциумот, претставници од Европската Комисија, вклучувајќи DG ECHO и Заедничкиот истражувачки центар (JRC), како и меѓународни учесници за поддршка како и надзор на севкупниот напредок на Програмата.

Со оглед дека ризиците не запираат на границите, Програмата за проценка на ризици од катастрофи и мапирање (IPA DRAM) ги поддржува проценките на ризик на прекуграничен и меѓународен пристап во земјите од Западен Балкан и Турција, обезбедување на конзистентност во методологии, усогласување со прописите на ЕУ, како и со промовирање на регионалната платформа за загуба на податоци при катастрофи и мапирање на ризик.

Програмата за проценка на ризикот од катастрофи и мапирање (IPA DRAM)) е финансиран од ЕУ програмата за Западен Балкан и Турција. (IPA DRAM) е предводена од Шведската агенција за подготовка при вонредни инциденти со италијанското Министерството за цивилна заштита, Дирекцијата за цивилна зашита на Република Хрватска, Владата на Република Словенија за цивилна заштита и помош при катастрофи и Меѓународниот центар за мониторинг на животната средина Фондацијата CIMA.

## Молитва и ифтар по повод Светскиот ден на бегалците



По повод Светскиот ден на бегалците, 20 јуни, во соработка со невладините организации СОС детско село, Легис и Мерхамет, во привремениот транзитен центар Табановце, се организираше молитва и ифтар, проследена со музички настап.

На вечерата присуствуваа претставници од организации, здруженија и институции кои во овие две години, откако е прогласена кризната состојба, континуирано работат на подобрување на животот на бегалците.

## Средба со министерката за труд и социјална политика



На 30.06.2017 година, директорот на Центарот за управување со кризи, м-р Агрон Буџаку, оствари средба со министерката за труд и социјална политика, г-ѓа Мила Царовска.

На средбата, директорот информираше за досегашните активности на ЦУК со посебен осврт на мигрантската криза и соработката со Министерството за труд и социјална политика. Исто така, беше договорена понатамошната комуникација и координација, како и идните активности кои се во интерес на успешно справување со кризната состојба.

## Студиска посета на студенти при Универзитетот на Јута од САД во ЦУК






На 12 мај 2017 година, директорот на Центарот за управување со кризи м-р Агрон Буџаку прими делегација составена од студенти од Институтот за служби за итни состојби и домашна безбедност при Универзитетот на Јута, САД, предводени од професор д-р Џон Р. Фишер и експерти за оваа област од предметните служби на државата Јута.

Мисијата на овој институт е поддршка на службите за брз одговор и за домашна безбедност во образование, обуки и истражувачка дејност. Главна целна област на овој институт се службите за брз одговор, особено во превенцијата, подготвеноста и митигацијата.

Од страна на Центарот за управување со кризи беше претставен Системот за управување со кризи од стратегиски концепт до оперативната функционалност. Преку примерот со мигрантската криза беше претставена интероперативноста на субјектите кои го сочинуваат системот, начинот на донесување одлуки и напорите на Република Македонија во обезбедувањето хуман третман на мигрантите но и севкупна безбедност на земјата.

## Втор состанок за градење на акциска мрежа за урбана отпорност во Југоисточна Европа




На ден 13.06.2017 година во Хотел Сириус -Струмица во организација на Центарот за развој на Југоисточниот Плански регион се одржа втор работен состанок за размена на искуства на локално ниво во рамките на проектот „Градење на акциска мрежа за урбана отпорност во Југоисточна Европа“.

Овој проект е заеднички со проектот на Европската Унија и Програмата за развој на Обединетите Нации (УНДП), финансиран од Програмата за цивилна заштита и хуманитарна помош (DG ECHO) во земјите од Југоисточна Европа.

Целта на овој состанок беше претставување на клучните резултати од неодамна одржаните самити на Глобалната и Регионалната Платформа за намалување на ризиците од несреќи и катастрофи, македонскиот модел за градење локална мрежа за урбана отпорност, а се направи и Компаративна анализа на моделите од Хрватска и Србија.



На состанокот присуствуваа претсавници од УНДП, Центарот за развој на Југоисточен Плански регион, Платформата на хрватските жупании и градови за намалување на ризикот од катастрофи, претставници од десетте локални самоуправи во Југоисточниот регион, претсавници од Државните Агенции од системот за управување со намалување на ризици од катастрофи ЦУК и ДЗС со нивните локални центри, Црвен Крст-Струмица, како и останати заинтересирани страни и тела кои работат на проблематиката за намалување на ризикот од катастрофи.

## Седница на Управувачкиот комитет за координација и управување во Системот за управување со кризи



На 5.06.2017 година (понеделник), со почеток во 20:00 часот, во просториите на Центарот за управување со кризи, се одржа 1-та седница на Управувачкиот комитет за координација и управување во системот за управување со кризи.

Со Управувачкиот комитет за координација и управување во системот за управување со кризи претседаваше раководителот на овој комитет, Оливер Спасовски, заменик на претседателот на Владата и министер за внатрешни работи.



На седницата присуствуваа и членовите на Управувачкиот комитет: м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски, Мила Царовска, министер за труд и социјална политика, а преку конференциска врска по однос на предложените заклучоци се произнесе и м-р Радмила Шекеринска Јанковска, заменик на претседателот на Владата и министер за одбрана.

Од седницата отсуствуваше членот на Управувачкиот комитет за координација и управување во системот за управување со кризи, д-р Арбен Таравари, министер за здравство, м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи и м-р Агрон Буџаку, директор на Центарот за управување со кризи и раководител на Групата за процена.

На седницата на Управувачкиот комитет за координација и управување во системот за управување со кризи се разгледуваше состојбата и последиците од невремето во околината на Тетовско.

Согласно информирањето и предлозите изнесени во расправата на седницата од членовите и другите присутни лица по однос на ова, Управувачкиот комитет за координација и управување во системот за управување со кризи донесе неколку заклучоци:

1. Дирекцијата за заштита и спасување, во соработка со Општина Тетово и регионалниот штаб за управување со кризи, веднаш да преземе активности за санација и расчистување на теренот зафатен од силното невреме во Тетовско.
2. Министерството за транспорт и врски, веднаш, во текот на вечерта да закаже итен координативен состанок со сите надлежни институции под негова надлежност, со цел правење на детален акциски план со работни активности по институции, согласно расположливите ресурси од институциите, во насока на расчистување на теренот зафатен од силното невреме во Тетовско, со посебен акцент на двата паднати мостови.
3. Дирекцијата за заштита и спасување, Министерството за транспорт и врски и доколку е потребно да се ангажира механизација од Армијата на Република Македонија, со цел нормализирање на состојбите во погодениот регион од силното невреме.
4. Општина Тетово, во соработка со соседните општини, веднаш да обезбеди механизација и искористување на ресурси и механизација во насока на расчистување на теренот зафатен од силното невреме во Тетовско и нормализирање на состојбите во погоденото подрачје.

Горенаведените заклучоци, беа едногласно прифатени, без забелешки од членовите на Управувачкиот комитет за координација и управување во системот за управување со кризи.

## Информација за состојбата со врнежите од тетовскиот регион



**ЦУК, 07.06.2017 - Според информациите добиени од страна на УХМР, на 05.06.2017 година, околу попладне на повеќе места имаше развој на нестабилна облачност со локален пороен дожд и грмежи, најпрвин во планинските предели, а подоцна и во пониските места. Процесите беа од локален карактер и во форма на невреме, проследено со обилен пороен дожд и електрични празнења. На места за кратко време наврнаа и над 40 литри на метар квадратен.**

**Во попладневните часови на 05.06.2017 година, во тетовскиот регион врнежите во делот од местото наречено Пороj предизвикаа излевање на водотекот наречен Пороj. Претставници од РЦУК – Тетово веднаш излегоа на терен при што беше констатирана следната состојба: 2 багера работеле на расчистување на наносот на камења и отворање на речното корито, додека 2 багера биле во мирување; 2 цистерни од ТППЕ Тетово чистеле дел од патот, додека 4 камиона биле во мирување.**



**Патот кај погонот на Еко-Шар е во прекин и не можат да поминуваат возила. Во м.в.Лагаче, с.Пороj, поплавени се ниви на површина од околу 1,5 хектар, а поплавена е и импровизирана штала. Кај фабриката за производство на цигли Микели – Пороj, работеле на расчистување 2 багери ангажирани од фирмата Чаби-Транс.**

**Вчера. 06.06.2017 годин, во попладневните часови владини претставници, како и претставници на Центарот за управување со кризи излегоа на терен и направија увид на состојбата во тетовско, а ден претходно се одржа и седница на Управувачкиот комитет на која беа донесени неколку заклучоци за брзо санирање на штетите во овој регион, предизвикани од пороjните врнежи од дожд. Состојбата и понатаму постоjано се следи од страна на претставниците на РЦУК Тетово, кои се постоjано на терен.**



## Препораки за заштита од топло време

ЦУК, 29.06.2017 - Според Управата за хидрометеролошки работи, Македонија од денеска до сабота ќе биде зафатена од високи температури од портокалова фаза. Температурата на одредени места се очекува да го надмине 40-тиот степен.

Поради високите температури, Министерството за здравство препорачува од работни обврски да се ослободат бремените жени и хронично болните лица на возраст над 60 години, а работодавачите да го реорганизираат работното време со цел да се избегнуваат активности на отворено во периодот од 11 до 17 часот.

Се препорачува да не се одржуваат спортски активности на отворено во периодот од 11 до 17 часот, а во детските градинки да не ги изнесуваат децата на отворено во овој временски период.

На граѓаните им се порачува да ги почитуваат општите препораки за заштита од високите температури, како што се заштита од директна сончева изложеност, избегнување престој на отворено во периодот од 11 до 17 часот, носење светла и лесна облека, консумирање лесна храна и течности, хигиенски начин на подготовка на храната и редовно земање на терапијата кај хронично болните лица.



## Седница на Регионален штаб на ПО-РЦУК Прилеп

**На 18.05.2017 година се одржа редовен работен координативен состанок на Регионалниот штаб за управување со кризи – Прилеп со претставници од субјектите на системот за управување со кризи надлежни за превземање мерки и активности за превенција и рано предупредување во случај на кризна состојба.**

**За состанокот беше предложен следниот дневен ред: а) Анализа на настанати ризици и опасности во изминатиот период и причинетите штети од истите и б) Разгледување – проценување на евентуални ризици и опасности кои би можеле да настанат во наредниот период, а кои можат да ги загрозат добрата, здравјето и животот на луѓето и животните, предизвикани од елементарни и други непогоди со посебен акцент на: високите температури и топлотните бранови во наредниот период, пожарите на отворен простор, поројни дождови проследени со град, водоснабдувањето, електроснабдувањето, состојби во здравство, епидемии на карантински и други заболувања кај луѓето и животните, техничко - технолошки катастрофи како и деградација од поголем обем и уништување на животната средина и Состојба на припременост на надлежните субјекти и начин на нивно функционирање во евентуална опасност од сите погоре споменати ризици и опасности...**

**Состанокот го отвори и со него раководеше раководителот на РЦУК – Прилеп и на РШ, Илко Петкоски, а по сите точки од дневниот ред имаше дискусии од присутните членови на штабот и преставници од субјектите на СУК. По првата точка од дневниот ред, констатирано е дека во текот на оваа година како најголема опасност во зона на одговорност на РЦУК Прилеп беше ладниот бран проследен со многу ниски тепературии мраз од кој е предизвикана штета во повеќе области.**

**.... Исто така, беше констатирано дека се оштетени водомери, а во населените места замрзната и оштетена е поголема должина на водоводната мрежа. Според излагањето на инспекторот за шумарство и водостопанство мразот предизвика позитивна работа со тоа што го уништи боровиот штетник.**

**По втората и третата точка од дневниот ред се водеше дискусија за сите можни ризици и опасности и припременоста на надлежните субјекти и начинот на нивно дејствување во дадени ситуации.**



## Земјотреси во Охридско

**ЦУК, 27.06.2017 - Од Сеизмолошка опсерваторија добиена е инфомација во која се наведува следното: Телеметриската сеизмолошка мрежа на Република Македонија, со станици во Скопје, Штип, Валандово, Битола, Охрид и Крушево, одржувана од Сеизмолошката опсерваторија при Природно-математичкиот факултет во Скопје, на ден 26.6.2017 година регистрираа два земјотреса чии епицентри потекнуваат од охридското епицентрално подрачје.**

**Првиот земјотрес беше во 13:46 часот со Рихтерова локална магнитуда 3,3 и беше почувствуван во Охрид, Ресен и Струга со интензитет од IV степени според Европската Макросеизмичка Скала. Вториот беше во 13:51 часот со Рихтерова локална магнитуда 2,5 степени и интензитет од III степени според истата скала во истото подрачје.**

**ЦУК, 28.06.2017 - Телеметриската сеизмолошка мрежа на Република Македонија, со станици во Скопје, Штип, Валандово, Битола, Охрид и Крушево, одржувана од Сеизмолошката опсерваторија при Природно-математичкиот факултет во Скопје, на 28.6.2017 год., регистрира земјотрес чии епицентар се наоѓаат во охридското епицентрално подрачје.**

**Земјотресот се случи во 3 часот и 52 минути со Рихтерова локална магнитуда 2.9. Според досегашните податоци, со кои располага опсерваторијата, земјотресот е почувствуван во Охрид и околината со интензитет од III-IV степени според Европската Макросеизмичка.**


**Билтен на Центарот за управување со кризи на Република Македонија**
**(електронско издание)**

**Издава: Центар за управување со кризи на Република Македонија**
**Редакциска подготовка и графички дизајн: Одделение за односи со јавноста и протокол**



**Адреса : ул. Димче Мирчев бр. 9, П.ФАХ 372 1.000 - Скопје**

**контакт: тел: 3 249 101 факс: 3 249 102**
**веб: www.cuk.gov.mk**
**e-mail. mail@cuk.gov.mk**